# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**2020**

**АПРИЛ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **5**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 1 работни односи | 1 образование | 0 социјална сигурност |
| 0 здравство | 1 пристап до добра и услуги | 0 домување |
| 1 медиуми | 0 избирачки права | 1 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **10**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 9 соопштение од здр. на граѓани | 0 протест |
| 1 мислења на Народен Правобранител | 0 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

Активности на ДИ **3**

Активности на здрж. на граѓани **0**

## Карактеристики на жртвата:

| род | родов идентитет | пол | сексуална ориентација | етничка припадност | попреченост | корисници на дроги | друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 100% |

### ПОВЕЌЕКРАТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Кумулативна | 0 |
| Интерсекциска | 0 |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Директна | 4 |
| Индиректна | 0 |
| Вознемирување | 1 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 1 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

### СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2020




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД АПРИЛ 2020

СЛУЧАЈ:

Изминатиот период се појавија голем број на написи во медиумите, каде беа објавени слики, имиња и листи на граѓани кои се позитивни на КОВИД-19 или кај кои постои сомневање дека се позитивни. Овие медиумски содржини се дискриминирачки и штетни од многу аспекти. Имено, Законот за заштита на правата на пациентите го гарантира принципот на доверливост на сите пациенти. Ова подразбира дека здравствениот персонал не смее на трети лица кои не се вклучени во лекувањето на пациентите и во професионалното следење на епидемијата да им издава какви било податоци поврзани со нивната здравствената состојба. Со објавувањето на личните податоци на луѓето заболени од КОВИД-19 или пак, податоците на оние кај кои постои сомневање, се ризикува нивната безбедност и благосостојба. Со обвинувањето на пациентите се креира стигма околу коронавирусот, а самите пациенти се изложуваат на вознемирување како форма на дискриминација, токму поради нивниот здравствен статус. Вниманието на медиумите и на јавноста треба да биде насочено кон спроведувањето и почитувањето на мерките за заштита од коронавирусот, а не кон поединците коишто се позитивни на вирусот. Во спротивно, сето ова би ги оддалечило пациентите од здравствениот систем и од институциите кои се обидуваат да се справат со пандемијата.

Поради ова, Хелсиншкиот комитет за човекови права, преку Мрежата за заштита од дискриминација уште еднаш потенцираше дека секоја форма на дискриминација врз било која основа е забранета, вклучително и вознемирувањето врз основа на здравствениот статус. Мрежата побара од Владата и од Агенцијата за заштита на личните податоци активно да ги следат и по службена должност да ги санкционираат медиумите коишто објавуваат лични податоци на пациенти коишто се позитивни на коронавирусот или за кои постои сомневање, а со тоа и да се спречи вознемирувањето и повредата на човековите права на луѓето позитивни на вирусот.

СУДСКА ПРАКСА:

Во случајот Мунтеану против Република Молдавија[1] Европскиот суд за човекови права утврдил повреда на членот 14 (забрана за дискриминација) во врска со членот 3 (забрана за мачење и друго сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување) од Европската конвенција за човекови права.

Случајот се однесува на пропустот на надлежните власти да ги заштитат жалителите (мајка и син) од повторено и континуирано семејно насилство, коешто според Судот претставувало нечовечки третман во смисла на член 3 од Европската конвенција. Судот утврдил дека надлежните власти пропуштиле да ги преземат сите неопходни мерки за нејзина заштита, но и пропуштиле да ги спроведат веќе донесените мерки како што била изречената забрана за приближување. Во текот на целиот процес, од моментот на пријавување на насилството до водењето на судските постапки, жалителката била виктимизирана од страна на надлежните органи. На сторителот на насилството му била изречена казна затвор од две години, при што како олеснителна околност домашните судови ја ценеле „неморалноста на жртвата". Тоа што таа одбивала да го напушти домот, претставувало провокација за сторителот. Воедно, социјалните работници кои разговарале со жалителката постојано ѝ го нагласувале „доброто однесување" како начин за да се зачува семејството заедно.

Судот уште еднаш потврдил дека семејното насилство несразмерно повеќе ги засегнува жените и дека многу често третманот на кој подлежат жртвите од страна на полициските службеници додека го пријавуваат насилството или пак, пасивноста на судските органи кога одлучуваат за нивна заштита, создава околина во која се одобрува семејното насилство. Според Судот, пропустот на државата да ги заштити жените од семејно насилство го прекршува нивното право на еднаквост пред законите и претставува дискриминација во смисла на членот 14 од Конвенцијата.

[1] Munteanu v. the Republic of Moldova (no. 34168/11)

РЕСУРСИ:


1. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Пандемијата предизвикана од Коронавирусот во ЕУ – Импликации за фундаменталните права" –

https://fra.europa.eu/en/publication/2020/-covid19-rights-impact-april-1

2. Еквинет „Кога останувањето дома претставува опасност: борбата против порастот на семејното насилство во Европа" –

https://equineteurope.org/2020/when-staying-home-is-dangerous-fighting-the-rise-of-domestic-violence-in-europe/

3. Еквинет „КОВИД-19: Националните тела за еднаквост известуваат за влијанието врз еднаквоста и ги споделуваат нивните одговори на пандемијата од коронавирусот" –

https://equineteurope.org/2020/covid-19-national-equality-bodies-report-impacts-on-equality-and-share-their-responses-to-the-coronavirus-pandemic/

4. Здружение ЕСЕ „Кривичноправна заштита на жените жртви на семејно насилство" –

http://esem.org.mk/pdf/Publikaci-i/2019/Кривичноправна%20заштита%20на%20жените%20жртви%20на%20СН.pdf

5. Хелсиншки комитет за човекови права „Меѓународен ден на Ромите – Продолжува системската дискриминација врз Ромите во сите општествени сфери" –

https://mhc.org.mk/news/megunaroden-den-na-romite-prodolzhuva-sistemskata-diskriminacija-vrz-romite-vo-site-opshtestveni-sferi/

6. Хелсиншки комитет за човекови права „Право за живот без насилство во услови на пандемија" –

https://mhc.org.mk/news/pravo-za-zhivot-bez-nasilstvo-vo-uslovi-na-pandemija/

7. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Брза анализа на преземените и предложени мерки за справување со влијанието на епидемијата од ковид-19 од родова перспектива" –

https://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/brza-analiza-na-prezemenite-i-predlozheni-merki-za-spravuvane-so-vlijanieto-na-epidemijata-od-kovid-19-od-rodova-perspektiva/

8. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Барање за донесување на итни мерки за заштита на жени и деца жртви на семејно насилство додека трае вонредната состојба" –

https://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/13-04-2020-barane-za-donesuvane-na-itni-merki-za-zashtita-na-zheni-i-detsa-zhrtvi-na-semejno-nasilstvo-dodeka-trae-vonrednata-sostojba/


Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА **МАКЕДОНИЈА**

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**